Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 73, 30 јануари 2012 година

јануари 2012 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област радиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област анестезиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за иизбор на наставник во сите звања за наставно-научната област имунохематологија и хематологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 14

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област анестезиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 36

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област интерна медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 40

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 44

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 47

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област меѓународно јавно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област пијано и методика на наставата по пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 56

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните и уметнички области теорија на музиката и композиција на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 63

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот-скрипта „Познавање на стоката“ од д-р Нако Ташков, доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика и д-р Ацо Кузелов, доцент на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 70

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Полјоделство” од авторите проф. д-р Љупчо Михајлов и ас. м-р Фиданка Трајкова од Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 71

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Органска хемија“ од авторот д-р Киро Мојсов од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 75

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основи на технолошко инженерство“ од авторот доц. д-р Винета Сребренкоска, Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 76

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот Вовед во право на ЕУ“ од д-р Љупчо Сотироски, доцент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 78

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот Право на ЕУ, правда и внатрешни работи“ од д-р Љупчо Сотироски, доцент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 82

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Кредитна политика“ (скрипта) од авторот доц. д-р Виолета Маџова, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 86

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за е-скрипта „Физичкото воспитание и образование кај децата од предучилишната и раната училишна возраст“ од асистент д-р Билјана Попеска, Педагошки факултет, при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 89

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАТЕМАТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2002-149/11 од 7.11.2011 год. донесена на 52. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика во Штип, одржана 7.11.2011 год., избрани сме за членови на Рецензентска комисија по распишаниот Конкурс за избор на ***помлад асистент*** за областа ***математика*** (3 извршители).

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник“ и „Лајм“ на 24.9.2011 год. и во предвидениот рок се пријавија кандидатите:

- м-р Марија Митева, лаборант на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип;
- м-р Елена Гелова, лаборант на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип;
- м-р Јасмина Буралиева, лаборант на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип,

кои ги приложија следниве документи:

| | Марија Митева | Елена Гелова | Јасмина Буралиева |
|---|---|---|---|
| Пријава | + | + | + |
| Кратка биографија | + | + | + |
| Уверение за завршени дипломски студии | + | + | + |
| Уверение за завршени магистерски студии | + | + | + |
| Уверение со оценки од магистерски студии | + | + | + |
| Диплома за познавање на странски јазик | + | + | + |
| Изјава од Комисија за верификација на факти | + | + | + |
| Државјанство | + | + | + |
| Список на стручни и научни трудови | + | + | + |

Врз основа на прегледот на приложената документација, чест ни е на Наставно - научниот совет на Факултетот за информатика да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци и работна историја за кандидатката Марија Митева***

Кандидатката **м-р Марија Митева** е родена на 28 август 1982 година во Велес. Основното образование го завршува во ОУ „Кирил и Методиј“ во Св. Николе, со континуиран одличен успех. Средното гимназиско образование го завршува во УСО „Кочо Рацин“ – Св. Николе, со континуиран одличен успех.

Дипломирала на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 22 февруари 2006 година, со просечен успех 8,18 и се стекнува со називот **дипломиран професор по математика.**

Во учебната 2008/2009 година се запишува на постдипломски студии по применета математика во областа на електротехниката и информациските технологии на Факултетот за електротехника и информациски технологии, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Постдипломските студии со просечен успех 10,00 ги завршува со одбрана на магистерскиот труд со наслов „**Модели на Лоренц и нивна примена**“ на 7 јули 2011 год. и се стекнува со називот **магистер по електротехника и информациски технологии** во потесна специјалност **применета математика во електротехниката и информациските технологии.**

Во 2008 година неколку месеци е волонтер на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, каде што од декември 2008 година е вработена како лаборант, при што совесно и одговорно ги извршува работните задачи и помага во изведувањето на наставата на курсевите од областа математика на повеќе факултети на Универзитетот „Гоце Делчев“.

М-р Марија Митева ги посетува и успешно ги завршува обуките:

1. Teaching and Learning with Technology, јули 2009;
2. Integrating IT Tools in a Teaching Process, јули 2011.

Во јуни 2010 год. на Семинарот по диференцијални равенки одржан во Струмица, под раководство на проф. д-р Боро Пиперевски, редовен професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, м-р Марија Митева учествува и ги презентира следниве стручни трудови:

1. Б. Пиперевски, М. Николовска, Е. Аспровска: „За една еднопараметарска група линеарни трансформации“;
2. Б. Пиперевски, М. Николовска, Е. Аспровска, Е. Гелова: „За еден варијационен проблем од електротехника и неговиот соодветен контурен проблем“.

Во јуни 2011 год. на Семинарот по диференцијални равенки одржан во Струмица, под раководство на проф. д-р Боро Пиперевски, редовен професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, м-р Марија Митева го презентирала стручниот труд:

1. М. Николовска, Б. Пиперевски, „Бифуркации. Модел на Лоренц“

***Биографски податоци и работна историја за кандидатката м-р Елена Гелова***

Кандидатката **м-р Елена Гелова** е родена на 7 октомври 1985 година во Кавадарци. Основното и средното училиште завршува во Кавадарци, со одличен успех. Во 2004 година се запишува на Природно-математички факултет во Скопје, насока Наставна математика. Факултетот го завршува во 2008 година, здобивајќи се со звањето **дипломиран професор по математика,** со просечна оценка 8,33. Образованието го продолжува на постдипломските студии во 2008 година на Факултет за електротехника и информациски технологии во Скопје, студиска програма Применета математика во областа на електротехниката и информациските технологии. Испитите ги положува со просечна оценка 9,38 и на 8 јули 2011 година успешно го одбранува магистерскиот труд со наслов „Математичко моделирање на некои проблеми од теоријата на оптимизација и примена”, здобивајќи се со научниот назив **магистер по електротехника и информациски технологии** во потесна специјалност **применета математика во електротехниката и информациските технологии.**

По дипломирањето во 2008 година кандидатката се вработува во ОУ „Димката Ангелот Габерот” во Ваташа, каде што работи до јуни 2009 година. Од јули 2009 година е вработена како лаборант на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип. Како лаборант кандидатката помага во извршувањето на лабораториските и практичните вежби по повеќе предмети: Математика, Математика 1, Математика 2, Информатика, Интернет, Структури и бази на податоци и Основи на симулација во наставните центри во Кавадарци, Гевгелија и Прилеп.

Во јуни 2010 год. на Семинарот по диференцијални равенки одржан во Струмица, под раководство на проф. д-р Боро Пиперевски, редовен професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, м-р Елена Гелова учествува и го презентира стручниот труд: *„За еден варијационен проблем од електротехника и неговиот соодветен контурен проблем“*.

Во јуни 2011 година на Семинарот по диференцијални равенки одржан во Струмица, под раководство на проф. д-р Боро Пиперевски, редовен професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, м-р Елена Гелова го презентира стручниот труд: *„Примената на оптимизацијата изразена преку примената на линеарното и нелинеарното програмирање“*.

***Биографски податоци и работна историја за кандидатката м-р Јасмина Буралиева***

Кандидатката **м-р Јасмина Буралиева** е родена на 9 јануари 1986 година во Струмица. Основното и средното образование го завршува во Струмица со одличен успех. Во 2004 година се запишува на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", на студиите по математика, наставна насока. На 31.10.2008 г. дипломира со просек 8,93 и се стекнува со звањето дипломиран професор по математика.

Во 2009 година се запишува на постдипломските студии на студиската програма Применета математика во областа на електротехниката и информациските технологии на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје. Предвидените испити ги положува со просечна оценка 10. На 17 јуни 2011 магистрира со одбрана на магистерска работа со наслов „Временско-фреквенциска анализа и вејвлет теорија со примена" и се стекнува со научниот назив магистер по електротехника и информациски технологии, потесна специјалност применета математика во областа на електротехниката и информациските технологии.

Од 1 јули 2009 година м-р Јасмина Буралиева е вработена како лаборант на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и е вклучена во реализацијата на наставата на курсевите од областа математика на повеќе факултети при Универзитетот „Гоце Делчев" во наставниот центар во Струмица.

М-р Јасмина Буралиева е член на Уредувачки одбор на списанието „Нумеруско" (мал Нумерус, за децата од прво до четврто одделение). Таа била и член на Комисијата за реализација на Државните натпревари по математика за основно образование во 2008 год., организирани од Сојузот на математичари во Македонија (СММ).

Учествува на неколку семинари во државата, меѓу кои на два со усно излагање:

1. Семинар по диференцијални равенки „Струмица 2010", со труд под наслов „*Вовед во Фуриеова анализа"*;
2. Семинар по диференцијални равенки „Струмица 2011", со труд под наслов „*Фуриеова трансформација, STFT и Вејвлет трансформација*".

М-р Јасмина Буралиева, учествува како соработник млад истражувач во проектот: *Asymptotics in coorbit spaces* (Билатерален проект финансиран од Министерството за наука на Македонија и на Австрија), чиј раководител е д-р Катерина Хаџи-Велкова Санева, доцент на ФЕИТ.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со одредбите од Законот за високото образование на Република Македонија и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, кандидатките м-р Марија Митева, м-р Елена Гелова и м-р Јасмина Буралиева ги исполнуваат критериумите за избор на соработник од областа математика на Факултетот за информатика.

Имајќи ја предвид досегашната активност, совесното и одговорното работење и напорите на кандидатките за унапредување на наставно-образовниот процес на Универзитетот, а особено покажаната активност за свое лично научноистражувачко усовршување, Рецензентската комисија со особена чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да ги избере м-р Марија Митева, м-р Елена Гелова и м-р Јасмина Буралиева во звањето **помлад асистент** за научната област **математика.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Татјана Атанасова - Пачемска, доцент, с.р.**
**Д-р Владо Гичев, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Јордан Живановиќ, вонреден професор, с.р.**